# „Бидете креативни и останете безбедни“
# Активност 2: Мапа на опасност/ризик

ВОВЕД

Како патувањето до училиште биде интересно, активно, но пред се безбедно? Патувањето активно до училиште е одличен начин за децата да направат многу вежби кои што им помагаат да останат здрави, будни и подготвени да учат нови нешта.

Идентификување на потенцијалните опасности/ризици, преку возење на велосипед од дома до училиште.

**Методи и стратегии:**

Метод на разговор и развивање на дискусија

Перцептивен метод

**Вид на активност:**
Со оваа активност учениците ќе имаат можност подобро да забележуваат различни нешта, на патот од дома до училиште преку возење на велосипед.

**Индивидуална работа**

Групна работа

**Потребни материјали**

Листови хартија

Молив/пенкало

25-30 мин.

Како се спроведува активноста:

-Учениците пробуваат да го нацртаат нивното патување од дома до училиште. Пример за истото се наоѓа во работниот дел од прирачникот под наслов: Бидете креативни и останете безбедни-Активност 2.

-Може да ги нацртаат или напишат сите можни опасности/ризици со кои се соочуваат на нивното секојдневно патување. Пример: прометни улици, густ сообраќај, лошо осветлување, невреме и сл.

-Потоа учениците ги споредуваат своите цртежи или списоци и се развива конструктивен разговор со целото одделение.

РЕЗУЛТАТ

Согледување и воочување на сите опасности/ризици во текот на секојдневното патување со велосипед од дома до училиште.

Ве молиме пополнете ја следната табела со цел подобрување на активностите во иднина и споделете ги со нас вашите одговори на: veloschools.ecologic@gmail.com

| Што ми се допадна од оваа активност? | Што не ми се допадна од оваа активност? | Што би промениле? |
| --- | --- | --- |
| | | |

## Дополнителни информации:

-Пример за оваа активност можете да најдете во работниот дел од прирачникот под наслов: Бидете креативни и останете безбедни-Активност 2.

-Дополнителни прашања што наставникот може да ги искористи, за проширување на разговорот со целото одделение одкако учениците ги нацртаат или напишат можните опасности/ризици со кои се соочуваат додека возат велосипед од дома до училиште:

-Дали има повеќе ученици кои го користат истиот пат за да стигнат до училиште?
-Дали тие ученици ги идентификувале истите опасности/ризици на своето патување?
-Дали учениците би имале различни цртежи/одговори доколку истата активност се спроведе во друг временски период?
-Дали некој од учениците има дополнителен предлог/идеја за цртежот на своето другарче?